**20191321913**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со електронско јавно наддавање да се отуѓи градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува Г.П.бр.2 КО Гази Баба составена од К.П.бр.1214/2 КО Гази Баба во површина од 65м² запишана во Имотен лист број 45100, К.П.бр.1222/5 КО Гази Баба во површина од 1м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1223 КО Гази Баба во површина од 574 м² запишана во Имотен лист број 44673, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба во површина од 378м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба во површина од 149м² запишана во Имотен лист број 47104, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба во површина од 23м² запишана во Имотен лист број 47077, К.П.бр.1222/2 КО Гази Баба во површина од 54м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1215/3 КО Гази Баба во површина од 142м² запишана во Имотен лист број 44166, К.П.бр.1215/7 КО Гази Баба во површина од 1м² запишана во Имотен лист број 47104, К.П.бр.1222/3 КО Гази Баба во површина од 107м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1222/1 КО Гази Баба во површина од 5277м² запишана во Имотен лист број 9168 и К.П.бр.1214/3 КО Гази Баба во површина од 9м² запишана во Имотен лист број 47104, согласно Архитектонско урбанистички проект за Г.П.бр.2 (органи на локална самоуправа) од Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница Автокоманда, Локална самоуправа и дел од комплекс Факултети општина Гази Баба, со потврда за заверка број 28-3/3158/26 од 22.11.2018 година со намена на градба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа со компатибилни класи на намена: А2- домување во станбени згради, Б1-мали комерцијални и деловни објекти, Б2-големи трговски единици, Б3-големи угостителски единици, Б4-деловни простории и В3-култура (вк.макс. збир 49%).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Гази Баба, согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Гази Баба („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/12).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3936/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.